ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ ЗА ПРАКТИКАНСТВО ЗА СТУДЕНТИ РОМИ ОД ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамките на проектот:

„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“, финансиран од Европската Унија (ЕУ) и Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ), објавува ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ ЗА ПРАКТИКАНСТВО ЗА СТУДЕНТИ РОМИ ОД ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ.

Пријавените и селектирани лица ќе имаат можност да посетуваат ПРАКТИКАНСТВО во одредена организација, со што ќе се стекнат со практични знаења, вештини и способности.

Опис на активноста:

Ромаверзитас преку потпишување на меморандум за соработка ќе оствари соработка со повеќе правни лица кои работат и функционираат на територијата на Република Северна Македонија со цел спроведување на активноста ПРАКТИКАНСТВО за студенти.

Цели на активноста:

- Да им помогне на учесниците да се стекнат практични знаења, вештини и способности во одредена област;
- Да се здобијат со знаења кои денес се неопходни при аплицирање на било кое работно место;
- Во иднина да станат поконкурентни на постоечкиот пазар на труд во државата и странство
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри и стимулира учениците да се залагаат за професионално надоградување и стекнување на вештини кои се неопходни за настап на пазарот на труд.

Услови за учество:

- Да се студенти Роми запишани во јавните универзитети во Република Северна Македонија;
- Да се во можност да присуствуваат на планираните работни часови (4-6 часа);
- Предност имаат студентите чија што образовна струка најсоодветно одговара за практиканството поврзано во дадената организација

Потребни документи и начин за пријавување:

- Пополнета ПРИЈАВА ЗА ПРАКТИКАНСТВО испратена најдоцна до 27 Април 2025 на kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk , по пошта на Никола Тесла 9/1-3, Скопје 1000 или директно во канцелариите на Ромаверзитас

Селекција на кандидати:

- Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот

ПРИЈАВА ЗА ПРАКТИКАНСТВО

Име и презиме: _____

Возраст: _____

Општина на живеење: _____

Факултет: _____

Година на образование: _____

Меил: _____

Контакт телефон: _____

Би сакал да посетувам практиканство од областа на _____

Предлог организација во која би можел да посетувам практиканство _____

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union